# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КАРПОШ

Број 15 * година VI* 31.10.2011 година * Карпош * цена:
Излегува по потреба
e-mail: kontakt@karpos.gov.mk, www.karpos.gov.mk

Скопје, октомври 2011 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Карпош за 2011 година

1.Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Карпош за 2011 година донесена на Четириесет и втората седница на Советот на Општина Карпош одржана на 26 октомври 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08- 8089/1**
**28.10.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002 година) Советот на Општина Карпош на четириесет и втората седница одржана на 26 октомври 2011 година , донесе

# О Д Л У К А

## За измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Карпош за 2011 година

### Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средства во Буџетот на општина Карпош за 2011 година и тоа на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **E00** | **ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 421110 | Електрична енергија | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 421410 | Горива и масла (моторни возила) | 360.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423410 | Прехранбени продукти и пијалаци | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423710 | Средства за одржување на хигиена | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423910 | Други материјали за специјална намена | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 424110 | Поправки и сервисирање на лесни возила (вклучувајќи резервни делови, гуми) | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | 180.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425790 | Други образовни услуги | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 426310 | Семинари и конференции | 80.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **EA0** | **КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 483110 | Купување на канцелариски мебел | 600.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **F20** | **УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ** | | | | | |
| 481220 | Набавка или нова изградба на деловни објекти | -4.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **FA0** | **УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ)** | | | | | |
| 485420 | Надомест за одземен имот | -1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 485440 | Основни геолошки истражувања | -2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482920 | Изградба на други објекти | -1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JA0** | **ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ** | | | | | |
| 482920 | Изградба на други објекти | -5.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **K40** | **КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО** | | | | | |
| 464990 | Други трансфери | 5.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **L00** | **СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА** | | | | | |
| 464990 | Други трансфери | 1.400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 463120 | Трансфери до спортски клубови | -1.400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **LA0** | **СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ)** | | | | | |
| 482920 | Изградба на други објекти | -2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 425790 | Други образовни услуги | 80.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 483120 | Купување на училишен мебел | 1.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482930 | Реконструкција на други објекти | -3.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 480160 | Купување на опрема за греење и климатизација | 8.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила наредниот  денот од денот на објавувањето  во Службен гласник на Општина Карпош и станува составен дел на Буџетот на општината за 2011 година.

**Претседател на Советот на Општина**
**ОПШТИНА КАРПОШ**
**ТРИФУН ТРИФУНОВСКИ**

**Бр07-7896/1**
**26.10.2011**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на за Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за период 01.01.-30.09.2011 година

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за период 01.01.-30.09.2011 година донесен на Четириесет и втората седница на Советот на Општина Карпош одржана на 26 октомври 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08- 8089/2**
**28.10.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ 05/2002), Советот на Општина Карпош на Четириесет и втората седница одржана на 26 октомври 2011 година донесе

**ЗАКЛУЧОК**

за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за период 01.01.-30.09.2011 година

1.Се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за период 01.01.-30.09.2011 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во “Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07- 7896/2
26.10.2011 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Трифун Трифуновски,**с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Планот на програми за развој
на Општина Карпош за 2012 година

1.Се објавува Планот на програми за развој на Општина Карпош за 2012 година донесен на Четириесет и втората седница на Советот на Општина Карпош одржана на 26 октомври 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-8089 /3**
**28.10.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Согласно член 21-б од Законот за изменување и дополнување на Законот за Буџети (Сл.весник на РМ бр. 04/2008) и член 16 од Статутот на Општина Карпош (Сл.гласник на Општина Карпош бр.1/06), Совет на Општина Карпош на Четириесет и втората седница, одржана на 26 2011 година, донесе

## ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2012 ГОДИНА

Согласно потребите од областа на комуналните работи и сообраќајот се утврдува превземање на одредени активности со цел подобрување на условите на патната инфраструктура во општина Карпош и тоа:

1.Развојна програма - **Изградба и реконструкција на локални патишта -ЈДА**

**Изградба на магистрален пат во с.Бардовци.**

Изградбата на магистралниот пат во с. Бардовци ќе се гради во согласност со донесениот ГУП на Град Скопје и согласно со техничката документација на главниот проект во која е дефинирана трасата на магистралниот пат. Пред отпочнување со изградба на магистралниот пат потребно е да бидат завршени сите имотно правни работи доколку ги има, а истите ќе бидат утврдени по добивање на нумерички податоци од Републичкиот завод за геодетски работи.Овој магистрален пат ќе овозможи поврзување на населеното место Бардовци со главниот автопат Скопје Качаник, со кои на граѓаните ќе им овозможи побрз пристап кон градот Скопје и другите населени места. Со овој пат ќе се овозможи поголема фреквенција на луѓе и превоз на стока, помало загадување на воздухот како и голема заштеда на време.

Ризик постои околу решавање на имотно правните односи и недовршената денационализација на земјиштето.

Главниот проект за изградба на овој магистрален пат е изготвени и истиот е во фаза на доставување до Геодетска фирма за изработка на елаборат за нумерички податоци.

Датум на започнување со имплементација на проектот е планиран 01.05.2009 година, а датум на завршување на проектот се планира 01.10.2014 година.

Вкупната вредност на овој проект се планира да изнесува **44.500.000,00** денари.

Магистралниот пат согласно проектната документација ќе изнесува во должина од **1150** м.

Поради големиот обем и висината на потебните финансиски средствата кои се потребни за реализација на оваа развојна програма, а кои изнесуваат **44.500.000,00** денари ќе се изготвува фазно во шест години започнувајќи од 2009 година до 2014 година. Со оглед на тоа дека во 2009,2010 и 2011 година се подготвува само проектната документација, средствата за изградба се пренесуваат во 2012 година во износ од **10.000.000,00** ден со изградба на 300 м должни, во 2013 година планираниот износ на средства ќе биде **17.000.000,00** денари со изградба на 400 м должни и во 2014 година планираниот износ на средства изнесува **17.500.000,00** денари со изградба на 450м должни.

За реализација на оваа развојна програма покрај планираните средства од Буџетот на општината ќе се прават напори да се обезбедат средства од Агенција за државни патишта , од градот Скопје и од странски донации.

2.Развојна програма **Изградба и реконструкција на локални патишта ЈДБ**

**Реконструкција на општински пат од средно до горно Нерази.**

Реконструкцијата на овој општински пат е веќе завршена и целосно финасирана од Светска банка и Европска банка.

Со тоа оваа развојна програма е целосно реализирана.

3.Развојна програма **Изградба на јавно осветлување ЈАА**

**Осветлување на општински пат од средно до горно Нерази.**

Изградбата на јавното осветлување на овој општински пат , ќе се гради во согласност со техничката документација на главниот проект во која е дефинирана трасата на јавното осветлување. Бидејќи се работи за веќе постоечки пат кој треба да биде осветлен не е потребно да се решаваат имотно

правни работи или враќање на земјиштето согласно Законот за денационализација. Со осветлување на овој пат ќе се овозможи побрзо и побезбедно движење на сообраќајот од средно кон горно Нерези како и на жителите кои гравитираат со своите куќи по должината на овој пат.

Главниот проект за изградба на јавното осветлување на општинскиот пат е во фаза на почетни припреми - снимање на терен односно дефинирање на трасата ( поради тоа што главниот проект е во фаза на припремни работи по завршување на истите согласно Законот за јавни набавки ќе биде распишан тендер за избор на најповолен проектант)

Датум на започнување со имплементација на проектот се планира 01.06.2009 година, а датум на завршување на проектот се планира 31.12.2013 година.

Вкупна вредност на овој проект се планира да изнесува **18.600.000,00** денари.

Изградбата на јавното осветлување на овој општински пат согласно проектната документација ќе изнесува во должина од **6.000** м.

Поради големиот обем и висината на потребните финансиски средствата кои се потребни за реализација на оваа развојна програма, а кои изнесуваат **18.600.000,00** денари ќе се изготвува фазно во период од пет години започнувајќи од 2009 година до 2013 година. Со оглед дека станува збор за вредност која е апроксимативно дадена планираните средства во Буџетот на општина Карпош за 2009,2010и 2011 година се пренесени во 2012 година во вкупна вредност од **9.000.000,00** денари од кои се предвидува изготвување на проектна документација и дел монтажа на соларните светилки со изградба на **3000** м должни и во 2013 година планираниот износ на средства ќе биде **9.600.000,00** денари со изградба на **3.000** м должни

За реализација на оваа развојна програма покрај планираните средства од Буџетот на општината во износ од 20% од вкупната сума ќе се прават напори да се обезбедат средства од градот Скопје и од странски донации.

Овој План на Програми за развој влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Трифун Трифуновски,**с.р.**

Број 07- 7896/3
26.10 .2011 година
Скопје

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за дел од локалитет Козле - М.З.Кузман Јосифовски Питу, Блок 11, Блок 33, Блок 34 и Блок 35, Општина Карпош- Скопје

1.Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за дел од локалитет Козле - М.З.Кузман Јосифовски Питу, Блок 11, Блок 33, Блок 34 и Блок 35, Општина Карпош- Скопје донесена на Четириесет и втората седница на Советот на Општина Карпош одржана на 26 октомври 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-8089 /4** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**28.10.2011 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 26 став 4, алинеа 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање /„Службен весник на РМ“ бр. 51/05, 137/07, 24/08 – пречистен текст и 91/09/, и член 16 од Статутот на Општината Карпош „Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/06/, Советот на Општина Карпош, на Четириесет и втората седница, одржана на 26 октомври 2011 година донесе

**О Д Л У К А**

за донесување на Детален урбанистички план за дел од локалитет Козле - М.З.Кузман Јосифовски Питу, Блок 11, Блок 33, Блок 34 и Блок 35, Општина Карпош- Скопје

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Детален урбанистички план за дел од локалитет Козле - М.З.Кузман Јосифовски Питу, Блок 11, Блок 33, Блок 34 и Блок 35, Општина Карпош- Скопје.

Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, барањата во Програмата за содржината на Планот, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

**Член 2**

Просторот за кој се утврдува Деталниот урбанистички план е дефиниран со следните граници:

**На север**: границата оди по осовината на магистрална улица Јужен булевар Македонија

**На исток**: Границата оди по по пешачката патека покрај оградата на основното училиште и детската градинка, продолжува по осовината на ул.Миле Поп Јорданов и во продолжение по осовината на ул.Леринска

**На југ** границата оди по јужната граница на КП 5933, северозападнатаграница на КП 1039,продолжува по југоисточната граница на КП

1039,југоисточната граница на КП 1046 и југоисточната граница на КП 1045

**На југозападната** и западната страна на опфатот,границата оди по осовината на покриениот канал

**На западната** страна на опфатот границата оди по осовината на покриениот канал паралелно со ул.Јуриј Гагарин

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 6,75 ха.

**Член 3**

Опфатот на Деталниот урбанистички план ги содржи следните намени: образование,домување во станбени згради и станбени куќи, образование, комунална супраструктура, комунална инфраструктура и зеленило.

Во рамките на овој локалитет предвидени се намени, согласно со намените во Генералниот урбанистички план на Град Скопје од 2002 година.

Во рамките на Нацрт-планот се предвидени следните класи и намени:

А2-домување во станбени згради,станбени и станбено деловни згради како комплекс на градби

Б1 и Б4-компатиболна класа на намена – 20%

А1-домување во станбени куќи

Б1,В1,Д3 - компатиболна класа на намена – 10%, Б5-5%

В1-образование

Е2-комунална супраструктура

Д2-заштитно зеленило

Е1-комунална инфраструктура

Е2-Комунална супраструктура

Д2-Заштитно зеленило

Максималната висина за градба во планот се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри и истата се надополнува со планска одредба која го ограничува бројот на спратови кој може да се гради во одредена височина,при што максималната висина на објектите изнесува H max = 21 м,односно П+6 за домување во станбени згради,станбени и станбено деловни згради како комплекс на градби и H=10,20м. , односно П+2+ По за домување во станбени куќи.

Со планот се одредени:

- облик и големина на градежна парцела /м2/
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот /м2/,
- процент на изграденост /%/,
- максимална развиена површина на објект /м2/,
- коефициент на искористеност /К/,
- намена на објектот,
- максимална висина на објектот / до завршниот венец / одниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Текстуален дел,
- Графички прилози,
- Основни параметри за уредување на просторот, и
- Табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 5**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Општина Карпош и потпис на Претседателот на Советот на Општината.

**Член 6**

Деталниот урбанистички план со сите негови делови се чува во Одделението за урбанистичко планирање на Општината Карпош.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-7896/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
26.10.2011 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
С к о п ј е **Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Централен Градски Парк, Блок 3 , Општина Карпош - Скопје

1.Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Централен Градски Парк, Блок 3 , Општина Карпош - Скопје донесена на Четириесет и втората седница на Советот на Општина Карпош одржана на 26 октомври 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08- 8089/5**
**28.10.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 и член 26 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" бр. 51/2003, 137/2007, 91/09 и 124/2010) и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002), Советот на Општината Карпош, на Четириесет и втората седница одржана на 26 октомври 2011 година, донесе

**О Д Л У К А**

за донесување на Детален урбанистички план за Централен Градски Парк, Блок 3 , Општина Карпош - Скопје

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Детален урбанистички план за Централен Градски Парк, Блок 3 , Општина Карпош – Скопје.

Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, барањата во Програмата за содржината на Планот, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

**Член 2**

Просторот за кој се донесува Деталниот урбанистички план е дефиниран со следните граници:

**од северозапад** - оска на постојната водена површина и оска на река Вардар

**од север**: - јужната страна на постојната водена површина и оска на река Вардар

**од југоисток** - осовина на постојната улица со КП 7039,скршнува према исток и продолжува по северозападната страна на улицита со КП 13734,па продолжува по пешачкиот мост преку реката Вардар

**од југозапад:** - дел од југозападната страна на границата на парцелата на зоолошката градина,врти према југозапад по југоисточна страна на КП 509,врти кон

југоисток по североисточната страна на КП 506 врти кон југозапад по југоисточната граница на КП 506 продолжува во истиот правец до осовина на Бул.“Илинден“ и продолжува по оска на Бул.“Илинден“.

Површината на урбаниот опфат изнесува 22,77 ха.

**Член 3**

Опфатот на Нацрт-Деталниот урбанистички план ги содржи следните намени: комерцијални и деловни намени,култура, спорт и рекреација, јавни институции, зеленило и рекреација.

Намените предвидени во овој нацрт-детален урбанистички план се во согласност со намените во Генералниот урбанистички план на Град Скопје од 2002 година.

Во рамките на Нацрт-планот се предвидени следните класи и намени на земјиштето:

Б-комерцијални и деловни намени

Б6-простори за собири(централен забавен парк), со можност од компатибилни класи на намена

Б1-мали комерцијални и деловни дејности

В3-култура и

Д3-спорт и рекреација

В – Јавни институции

В3.1.-природно научен музеј

Д-зеленило и рекреација

Д1-парковско зеленило

Д2-заштитно зеленило

Д3-спорт и рекреација

Д3.1.-спортски терени и објекти

Д3.2.-зоолошка градина со можност од компатибилни класа на намена,

Б1-мали комерцијални и деловни дејности

Висина на градбите изнесува П, П+1,П+4.

Со Нацрт-планот се одредени

- облик и големина на градежна парцела /м2/
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,

- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот /м2/,
- процент на изграденост /%/,
- максимална развиена површина на објект /м2/,
- коефициент на искористеност /К/,
- намена на објектот,
- максимална висина на објектот / до завршниот венец / одниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Текстуален дел,
- Графички прилози,
- Основни праметри зауредување напросторот, и
- Табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 5**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Општина Карпош и потпис на Претседателот на Советот на Општината.

**Член 6**

Деталниот урбанистички план со сите негови делови се чува во Одделението за урбанистичко планирање на Општината Карпош.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07- 7896/5
26.10.2011 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлуката утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за дел од УЗ Долно Нерези, Општина Карпош - Скопје

1.Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за дел од УЗ Долно Нерези, Општина Карпош – Скопје донесена на Четириесет и втората седница на Советот на Општина Карпош одржана на 26 октомври 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08- 8089/6**<br>**28.10.2011 година**<br>**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**<br>**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**<br>**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 и член 26 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија” бр. 51/2003, 137/2007, 91/09 и 124/2010) и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/2002), Советот на Општината Карпош, на Четириесет и втората седница одржана на 26 октомври 2011 година, донесе

**О Д Л У К А**

за утврдување на Нацрт- Детален урбанистички план за дел од УЗ Долно Нерези, Општина Карпош - Скопје

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт-Детален урбанистички план за дел од УЗ Долно Нерези, Општина Карпош – Скопје.

Нацрт-Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, барањата во Програмата за содржината на Планот, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

**Член 2**

Просторот за кој се утврдува Нацрт - Детален урбанистички план е дефиниран со следните граници: осовина на Бул. Партизански Одреди, осовина на ул.Димитар Митрев, граница на наменска зона образование, осовина на ул. Демир Трајко, осовина на ул. Ванчо Мицков, осовина на ул. Митрополит Теодосиј Гологанов, граница на уредено корито на река Врадар.

Површината на урбаниот опфат изнесува 10.85 ха.

**Член 3**

Опфатот на Нацрт-Деталниот урбанистички план ги содржи следните намени:домување, јавни институции, зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори и инфраструктура.

Намените предвидени во овој нацрт-детален урбанистички план се во согласност со намените во Генералниот урбанистички план на Град Скопје од 2002 година.

Во рамките на Нацрт-планот се предвидени следните класи и намени на земјиштето:

А1-домување во станбени куќи

А2-домување во станбени згради

В1 –образование и наука

В4 –државни институции-органи на локална самоуправа

Д2-заштитно зеленило

Е2-комунална супраструктура (трафостаници)

Е3-некомпатибилна инфраструктура – трафостаница Запад

Е1-комунална инфраструктура

Максималната висина за градежните парцели наменети за индивидуално домување изнесува П+2+ПК со кота на венец 10.20 и П+1+ПК со кота на венец 8.80м.

Со Нацрт-планот се одредени

- облик и големина на градежна парцела /м2/
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот /м2/,
- процент на изграденост /%/,
- максимална развиена површина на објект /м2/,
- коефициент на искористеност /К/,
- намена на објектот,
- максимална висина на објектот / до завршниот венец / одниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Текстуален дел,
- Графички прилози,
- Основни праметри за уредување напросторот, и
- Табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 5**

Градоначалникот на Општина Карпош ќе организира Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт-Деталниот урбанистички план за кој претходно е добиено мислење, со утврдување на времето и местото каде ќе биде изложен планот и спроведувањето на јавната презентација и јавната анкета.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07- 7896/6
26.10.2011 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работа на Јавна установа општинска детска градинка “Распеана Младост“ за 2011/2012 година

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работа на Јавна установа општинска детска градинка “Распеана Младост“ за 2011/2012 година донесен на Четириесет и втората седница на Советот на Општина Карпош одржана на 26 октомври 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08- 8089/7-1**
**28.10.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ 05/2002), Советот на Општина Карпош на Четириесет и втората седница одржана на 26 октомври 2011 година донесе

## ЗАКЛУЧОК

за усвојување на Годишната програма за работа на Јавна установа општинска детска градинка “Распеана Младост“ за 2011/2012 година

1.Се усвојува Годишната програма за работа на Јавна установа општинска детска градинка “Распеана Младост“ за 2011/2012 година.

2.Примерок од Заклучокот да се достави до ЈУОДГ “Распеана Младост“.

3.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во “Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07- 7896/7-1
26.10. 2011 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Трифун Трифуновски,**с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работа на Јавна установа општинска детска градинка “Мајски Цвет“ за 2011/2012 година

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работа на Јавна установа општинска детска градинка “Мајски Цвет“ за 2011/2012 година донесен на Четириесет и втората седница на Советот на Општина Карпош одржана на 26 октомври 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-8089/7-2** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**28.10.2011 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" 05/2002), Советот на Општина Карпош на Четириесет и втората седница одржана на 26 октомври 2011 година донесе

**ЗАКЛУЧОК**
за усвојување на Годишната програма за работа на Јавна установа општинска детска градинка "Мајски Цвет" за 2011/2012 година

1.Се усвојува Годишната програма за работа на Јавна установа општинска детска градинка "Мајски Цвет" за 2011/2012 година.

2.Примерок од Заклучокот да се достави до ЈУОДГ "Мајски Цвет".

3.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Карпош".

Број 07- 7896/7-2
26.10.2011 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Трифун Трифуновски,**с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работа на Јавна установа општинска детска градинка “Орце Николов“ за 2011/2012 година

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работа на Јавна установа општинска детска градинка “Орце Николов“ за 2011/2012 година донесен на Четириесет и втората седница на Советот на Општина Карпош одржана на 26 октомври 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-8089 /7-3**
**28.10.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ 05/2002), Советот на Општина Карпош на Четириесет и втората седница одржана на 26 октомври 2011 година донесе

## ЗАКЛУЧОК

за усвојување на Годишната програма за работа на Јавна установа општинска детска градинка “Орце Николов “ за 2011/2012 година

1.Се усвојува Годишната програма за работа на Јавна установа општинска детска градинка “Орце Николов“ за 2011/2012 година.

2.Примерок од Заклучокот да се достави до ЈУОДГ “Орце Николов“.

3.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во “Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07- 7896/7-3<br>26.10.2011 година<br>С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,<br>Трифун Трифуновски,**с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работа на Јавна установа општинска детска градинка "Пролет " за 2011/2012 година

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работа на Јавна установа општинска детска градинка "Пролет" за 2011/2012 година донесен на Четириесет и втората седница на Советот на Општина Карпош одржана на 26 октомври 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-8089/7-4**
**28.10.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ 05/2002), Советот на Општина Карпош на Четириесет и втората седница одржана на 26 октомври 2011 година донесе

**ЗАКЛУЧОК**
за усвојување на Годишната програма за работа на Јавна установа општинска детска градинка “Пролет“ за 2011/2012 година

1.Се усвојува Годишната програма за работа на Јавна установа општинска детска градинка “Пролет“ за 2011/2012 година.

2.Примерок од Заклучокот да се достави до ЈУОДГ “Пролет“.

3.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во “Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-7896/7-4
26.10 .2011 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Трифун Трифуновски,**с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Решението за разрешување и именување на членови во Училишниот одбор на ОУ “ Вера Циривири Трена“ Општина Карпош-Скопје

1.Се објавува Решението за разрешување и именување на членови во Училишниот одбор на ОУ “ Вера Циривири Трена“ Општина Карпош Скопје донесено на Четириесет и втората седница на Советот на Општина Карпош одржана на 26 октомври 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08- 8089/8**
**28.10.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 05/2002), а во врска со член 124 од Законот за основното образование (“Службен весник на Република Македонија“ бр.103/2008, бр.33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011 и 51/2011), Советот на Општина Карпош на Четириесеттата седница одржана на 26 октомври 2011 година донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за разрешување и именување на членови во Училишниот одбор на ОУ “ Вера Циривири Трена“ Општина Карпош-Скопје

Член 1

Се разрешуваат од членови на Училишниот одбор на Основното училиште “Вера Циривири Трена “ – Општина Карпош-Скопје, претставниците од Општина Карпош:

- Тони Јаревски , и
- Славка Ничиќ Атанасовска

Член 2

За претставници од Општина Карпош, во Училишниот одбор на Основното училиште “Вера Циривири Трена “-Општина Карпош се именуваат:

-Борис Пешевски и

-Слободан Пешиќ

Член 3

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”.

Број 07- 7896/8
26.10.2011 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Трифун Трифуновски,**с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
### за објавување на Одлуката за прифаќање на проектот „ Децата во акција за почиста околина "

1.Се објавува Одлуката за прифаќање на проектот „ Децата во акција за почиста околина "донесена на Четириесет и втората седница на Советот на Општина Карпош одржана на 26 октомври 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08- 8089/9**
**28.10.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на Република Македонија” бр. 05/02/ Советот на Општина Карпош, на Четириесет и втора седница, одржана на 26 октомври 2011 година донесе

**О Д Л У К А**

за прифаќање на проектот

„ Децата во акција за почиста околина ”

**Член 1**

Со оваа одлука се прифаќа проектот „ Децата во акција за почиста околина “, доставен од страна на Здружението Интерактивна мрежа за образование и ресурси ИМОР – Битола, подружница бр. 1 ИМОР – Скопје.

**Член 2**

